АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
Су.бр.01- 13/16
19.02.2016 година
Б И Т О Л А

Врз основа на чл.92 ст.2 од Законот за судовите , се утврди следната:

**ПРОГРАМА**

**ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА ЗА 2016 ГОДИНА**

Во време на изготвување на програмата за работа за 2016 година, Апелациониот суд во Битола е со пополнети 21 судиско место вклучувајќи го и ВД Претседателот на судот од вкупно предвидените 25 судиски места согласно Одлуката на Судски совет. На 3 судии му престана вработувањето по основ на исполнување на услови за старосна пензија во текот на 2015 година а еден судија е избран за член на Судски совет и местото му мирува.

Во Апелациониот суд Битола во 2015 година немаше пензионирање на судски службеници , меѓутоа со оглас беше вработен еден судски службеник, помлад судски референт - приправник.

На крајот на годината заклучно со 31.12.2015 година во судот биле вкупно 80 вработени од кои судии 21 со ВД Претседателот на судот од вкупно предвидените 25 судиски места, судски службеници 56 и други 3 вработени.

Во 2016 година потребни се неколку вработувања на судски службеници во писарница и дактилографи како би можеле во целост да ја вршиме функцијата која согласно прописите ја има Апелациониот суд Битола

Во врска со примената на одредбите од ЗПП и новиот ЗКП за одржување на расправи по предметите, покрај целосно опремените две судници, се планира **и опрема на една судница со аудиовизуелна опрема за потребите на кривичниот оддел**, додека во останатите две судници веќе се врши тонско снимање на сите расправи од граѓанскиот оддел.

Најголем проблем сепак останува просторот кој е неадекватен за нормална работа, со оглед на фактот дека скоро цел кат или околу 22 простории од судската зграда користат двете обвинителства, а дел од судиите и судските соработници работат во несоодветни просторни услови. И во 2016 година ќе се прават напори во соработка со Министерството за правда да се најде просторно сместување на обвинителствата и да се надеваме дека во 2016 година конечно тоа ќе се случи.

Во 2015 година вкупно во работа беа:

- **7353 предмети** кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет,
- **94 предмети** кои не се опфатени со ориентациона норма и
- **862 предмети** од судската управа.
- Исто така во 2015 година се решија :
- **6694 предмети** кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет,
- **94 предмети** кои не се опфатени со ориентациона норма и
- **862 предмети** од судската управа.

**Споредбено со 2014 година бројот на нерешени предмети е зголемен за 178 или вкупно останале нерешени во 2015 година 659 предмети, кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет,**

**Ова значи дека во 2015 година не се реши приливот од 6875 предмети и се зголеми остатокот за 178 предмети, од 481 во 2014 година на 659 предмети кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет.**

**Ваквата состојба се должи на тоа што од јуни месец 2015 година двајца судии заминаа во пензија, како и тоа да тројца судии со одлука на Судски совет беа распоредени во Апелационен суд Скопје од 01.09. до 31.11.2015 година и изработија 405 предмети од кои Рож-155 и Тсж-250 или во просек по 45 предмети за секој месец. Ако се земат овие предмети како бројка изработени од судии во овој суд може да се каже дека постигнати се одлични резултати.**

Се очекува **во 2016** година со изборот на еден судија во кривичниот оддел, заостатокот на нерешени предмети по сите видови да биде ист како и во 2015 година, со тенденција на намалување, да има повисок квалитет и решавање на предметите во рок согласно процесните закони, Судскиот деловник и Програмата на Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд во Битола да биде ефикасен и подобар од 2015 година.

Врз основа на чл.92 ст.2 од Законот за судови и чл.5 од Судскиот деловник со Програмата за работа на Апелациониот суд Битола се конкретизираат работите и задачите од делокругот на судот, особено видот и бројот на предметите, работи и задачи во однос на следење и проучување на проблемите што произлегуваат од судската практика, а кои се од интерес за правилна и единствена примена на Законот, укажување на правна помош на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола, преку посетите, определените судии за соработка со конкретните основни судови, заземање на ставови по правни прашања на основните судови и друго.

Преку конкретизирање на работите и задачите од делокругот на Апелациониот суд Битола во вршење на судската функција утврдена со Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, се обезбедува примената на правото и заштита на човековите слободи и права.

Според тоа, целите и функциите со Програмата на Апелациониот суд Битола опфаќаат:

- Навремено и квалитетно решавање на кривичните, прекршочните, граѓанските и другите предмети во надлежност на Судот;
- Заштита и почитување на човековите права и слободи;
- Непристрасно применување на правото без оглед на положбата и својството на странките;
- Правна сигурност и создавање услови на секој човек да живее безбедно во рамките на примената на правото;
- Давање правна помош на подрачните основни судови;
- Изготвување на анализи, информации, укажувања, сентенци и друго кои ќе помогнат во правилната примена на правото;
- Усогласување на работата на Апелациониот суд со работата на подрачните основни судови преку извештаите за работа на судовите, посебно за причините на старите несвршени предмети, низ посетите на основните судови и при решавањето на конкретни предмети во жалбена постапка;
- Следење на Планот за намалување на заостатокот на стари нерешени предмети во Апелациониот суд Битола и Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола.
- Средби и советувања организирани со подрачните основни судови во врска со работата на судиите, средби на ниво на Апелациони судови за изедначување на судската практика, со Врховниот суд, адвокатурата, државните органи, посебно со Здружението на судии во врска со едукацијата на судиите и со Советот за судска служба и други државни органи заради едукација на судските службеници и
- Реализирање на програмата на Академијата за обука на судиите и јавните обвинители и административно - техничкиот персонал од Апелациониот суд Битола, онака како ќе биде определено во календарот на Академијата.

За реализација на Програмата ќе се грижи Претседателот на судот, судиите и вработените во судот.

Во означениот период работата на Апелациониот суд Битола ќе се извршува преку:

- кривичен оддел;
- граѓански оддел, со специјализирани совети
- оддел за судска пракса
- одделот за стручна служба,
- одделот за информатика,

- одделот за материјално и финансиско работење
- одделот за човекови ресурси и
- оддел  за судска практика и евиденција.

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

## А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во Кривичниот оддел со распоредот за работа за 2016 година распоредени се 4 судии. Претседател на кривичниот оддел е судијата Лидија Мијаковска, а со кривичниот совет од петмина ќе претседава судијата Владимир Радевски. Во случај на спреченост на судијата Владимир Радевски, со советот од петмина ќе претседава судијата Лидија Мијаковска.

Во Кривичниот оддел ќе работаат 2 кривични совети кои ќе решаваат кривични предмети, прекршочни, второстепени малолетнички предмети и други кривични предмети што се во надлежност на Апелациониот суд Битола.

Малолетничките предмети ќе ги решава совет за деца, кој е назначен согласно распоредот за работа за 2016 година.

Во кривичните совети се распоредуваат 1 советник, 1 виш соработник, 1 судски соработници и 1 помлад судски соработник како што е определено во распоредот за работа за 2016 година.

**Во 2016 година се очекува прилив** на кривични второстепени околу **950** предмети и остаток од 2015 година **172** предмети, или **вкупно во работа да бидат 1122 предмети;**

- второстепени малолетнички предмети **„КЖМ" -** на крајот на 2015 година немаше незавршени предмети, **а се очекува прилив околу 15 предмети да бидат во работа во 2016 година;**
- второстепени од совет **„КСЖ" -** на крајот на 2015 година нема нерешени предмети . **Во 2015 година се очекува во работа да има околу 160 предмети;**
- второстепени прекршочни предмети **„ПРЖ"** - на крајот на 2015 година останаа нерешени 44 предмети, **а во 2016 година се очекува вкупно во работа да има околу 1500 предмети;**
- второстепени предмети **„КР" –** во 2015 година вкупно беа во работа 6 предмети, сите се решија , така што **во 2016 година се очекува да има во работа околу 10 предмети;**

**Во 2016 година се очекува во кривичниот оддел да има вкупно по сите видови околу 2800 предмети со ориентациона норма и 10 КР предмети без ориентациона норма.**

Кривичните предмети во 2016 година треба да се решаваат и тоа помалку сложените во рок од 3 месеци а посложените најдоцна во рок од 6 месеци од приемот во Судот, вклучувајќи ги и предметите по кои се изјаснува Вишиот јавен обвинител и предметите по кои се одржуваат јавни седници.

Согласно чл.134 од Судскиот деловник, предметите во Кривичниот оддел ќе се решаваат според редот на приемот, освен во итни или други оправдани случаи како што е предвидено во став 2 од овој член.

За решавање на предметите според редот на приемот или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно ќе се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на Судот.

**Секој судија од Кривичниот оддел, должен е на секои 3 месеци да го известува Претседателот на Судот за нерешените предмети во определениот рок и тоа со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.**

## Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во 2016 година во Граѓанскиот оддел се распоредени 14 судии и 4 советници, 4 виши судски соработници, 5 судски соработници и 1 помлад судски соработник.

Во 2016 година Граѓанскиот оддел ќе работи со 5 граѓански совети по предметите Гж , Тсж, Рож и Р предмети .

- второстепени граѓански предмети **„ГЖ"** –на крајот на 2015 година останале нерешени решени 322 и се очекува **вкупно во работа во 2016 да бидат околу 3400 предмети.**
- второстепени граѓански предмети **„РОЖ"** – од 2015 останале нерешени 40 предмети. Се очекува **вкупно во работа во 2016 година да бидат околу 950 предмети;**
- второстепени трговски спорови **„ТСЖ"** – останале нерешени од 2015, 81 предмет, а во 2016 година се очекува **вкупно во работа да бидат околу 900 предмети;**
- разни граѓански предмети **„Р"** – во 2015 година биле решени 88, **а во 2016 година се очекуваат околу 90 предмети во работа.**

Граѓанските предмети во 2016 треба да се решаваат и тоа помалку сложените во рок од 3 месеци а посложените предмети најдоцна во рок од 6 месеци од приемот во Судот.

**Во 2016 година се очекува во граѓанскиот оддел да има вкупно по сите видови околу 5340 предмети со ориентациона норма и околу 100 предмети без ориентациона норма.**

Врз основа на чл.134 од Судскиот деловник, предметите се решаваат според редот на приемот, освен во итни или други оправдан случаи, како што е предвидено во овој член.

За решавање на предметите според редот на приемот или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно ќе се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на Судот.

Секој судија од Граѓанскиот оддел, должен е на секои 3 месеци да го известува Претседателот на Судот за нерешените предмети во определените рокови и тоа со писмен извештај, со причините за доцнењето.

**При решавањето на сите видови предмети, посебно да се обрни внимание на :**

- **пропустите на првостепените судови во врска со времетраењето на постапката,**
- **праќањето на предметите по жалба неспремни ,**
- **каснењето при испраќањето по жалба на предметите и**
- **други пропусти,**

**што е значајно за укажување при посетата на основните судови или во посебни укажувања, со цел да се зголеми ажурноста во судовите.**

**На внатрешната веб страна има објавено формулар кој треба да се пополни од страна на советот кој одлучува по предметот во кој се утврдени неправилности при постапувањето на првостепениот суд и истиот да се достави до претседателот на судот кој понатаму ќе преземе мерки ваквите појави да се сведат на минимум а согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите.**

**При решавањето на кривичните и прекршочните предмети каде дошло до застареност на кривичното и прекршочното гонење, да се забележуваат причините за тоа,**

- **дали притворските предмети се праќаат по жалба навремено или не и причините за тоа.**
- **Во сите видови на предмети при решавањето на истите, да се забележуваат случаите кога првостепените судови не постапуваат по напатствијата на Апелациониот суд во Битола и Врховниот суд на РМ за да може да се покренува постапка против таквите судии за нестручно и несовесно работење,**
- **Да се забележуваат и важни работи во врска со правни прашања, изготвување на анализи, информации и укажувања се со цел за да се увиди кои судови не го спроведуваат Законот за управување со движењето на предметите во судовите.**

## В. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА И ЕВИДЕНЦИЈА

Во текот на 2016 година, во овој оддел ќе бидат ангажирани одговорен судија на одделот, судиите, советниците и стручните соработници на начин, постапка и предмет на работа како е определено во распоредот за работа.

**На седницата на одделот се донесува План за следење на Судската пракса и на општествените појави и односи, за нивно**

**проучување и натамошна работа и се составуваат предлози по прашања што се изнесуваат на седниците на одделите заради заземање на определен став за воедначување на судската практика.**

**На внатрешната веб страна објавен е формулар за судска пракса кој Претседателите на советите го пополнуваат откако советот ќе оцени дека одлуката треба да биде обележана како пример во судската пракса**

**Претседателите на одделите го определуваат начинот на кој одделението за Судска пракса ги евидентира правните мислења прифатени на седниците на одделите и начинот на евиденција на Судската пракса.**

**Во одделението ќе се евидентираат:**

- **Одлуките на Европскиот суд за човековите права во Стразбур**
- **Одлуките на Врховниот суд на Република Македонија во кои има нови правни становишта, стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судска пракса на Врховниот суд на РМ и Збирката на судски одлуки, како и начелни ставови на Врховниот суд;**
- **Заземени правни становишта на одделите во Апелациониот суд Битола по одделни правни прашања иницирани во самиот Апелационен суд Битола и од основните судови од подрачјето на овој Суд;**
- **заеднички правни ставови на ниво на апелациони судови на РМ;**
- **анализи, информации и укажувања од Апелациониот суд Битола и основните судови на подрачјето на овој суд;**
- **сентенци, осврти и други материјали за Билтенот за Судска пракса на Апелациониот суд Битола;**
- **материјали за едукација на судиите и стручниот кадар на ниво на Апелациониот суд Битола и**
- **други материјали од важност за судската евиденција и практика.**

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Од предметите кои се во делокруг и функционална надлежност на **Претседателот на Судот** по уписниците **„СУ“ и од Су1 до Су7; „СУ-ДОВ“; СУ.СТР.ДОВ и „УПП“** до крајот на 2015 година постапено е по сите примени 862 предмети, а во 2016 година се очекува околу 900 предмети од овој вид.

Во 2016 година Претседателот на судот ќе се грижи како и до сега за ажурното работење на судот во сите сегменти од работата и ќе превзема мерки во таа насока согласно закон.

Согласно чл.23 од Судскиот деловник, Претседателот на Апелациониот суд Битола со Претседателите на основните судови, на заедничка средба најмалку два пати годишно, ќе ги анализира

податоците од Судската статистика и извештаите за работа на основните судови, кои во 2015 година конечно се унифицираа и ќе превземаат мерки за воедначување на Судската практика, а Апелациониот суд Битола ќе укажува и на слабостите во работата на Основните судови, со предлог за нивно отстранување, за што ќе бидат известувани надлежните институции во РМ.

## СТАРИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ

Претседателите на Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Битола, да ја следат работата на судиите преку АКМИС што е нивна законска обврска а преку Работните тела да ги следат старите нерешени предмети и на претседателот на судот да предлагаат мерки со носење на Планови за решавањето на старите предмети. Претседателите ќе се состануваат секои 3 месеци за да го пратат исполнувањето на планот и евентуално негово дополнување и измена.

Судиите да доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи да ги дадат причините за не решавањето и да направат сопствен план кога предметите би се решиле во текот на 2016 година.

Во текот на претходните години на ова поле постигнати се добри резултати, но во 2015 година не се постигна се што беше предвидено во Акционите планови на основните судови од нашето апелационо подрачје што ќе биде анализирано во Информацијата која ќе ја изготви Претседателот на Апелациониот суд за 2015 година и во која ќе се дадат и мерки кои во 2016 ќе се преземат за да се надмине оваа сосотојба**:**

1. **Во 2015 одговорност е на сите вклучително и на Апелациониот суд Битола старите предмети заклучно со 2011 во основните судови да се решат до првата половина на годината, а предметите од 2012, 2013 и 2014 година да се решат до крајот на годината.**
2. **Претседателите на Основните судови и Претседателот на Апелациониот суд Битола да изготват акционен план за намалување на заостатокот на стари предмети за 2016 година и истиот да го достават до Судски совет. рок: 28 2.2016 година**
3. **ОС Охрид кој има најголем број на стари предмети во 2016 тој број да го сведе како и останатите судови, а за тоа што не се оствари во 2016 година да се утврди одговорност на поедини судии кои не ги решија старите предмети иако таква обврска преземедоа во 2016 година.**
4. **ОС Струга , ОС Битола да го намалат заостатокот и заедно со ОС Прилеп да ги решат предметите до 2011 и сите од 2012 и 2013 година а ОС Ресен и ОС Крушево со оглед на малиот број на предмети ќе треба стари предмети да немаат , а сите во 2016 година да покажат посериозна посветеност на овој за нас судовите најголем проблем.**

5. **Претседателите на Основните судови да изготват информација за старите нерешени предмети по судија по добиени податоци од работното тело и судијата кој постапува по предметот. рок 28.2.2016 година**
6. **Во 2016 година секој три месеци, Претседателите на основните судови до Претседателот на Апелациониот суд Битола, да доставуваат извештај за старите несвршени предмети како и програма изготвена од судиите за начинот на решавањето.**
7. **Ваквите состојби да се разгледуваат на заедничките состаноци помеѓу Претседателот на Апелациониот суд Битола и Претседателите на Основните судови.**
8. **Со ажурното решавање на старите несвршени предмети да се придонесе за намалување на поплаките на граѓаните за работата на судовите а со тоа и на целокупното судство во Република Македонија, но и намалување на издатоците на судско буџетски совет по однос на исплатите за судење во неразумен рок .**
9. **Во Апелациониот суд Битола се планира во 2016 година да нема повеќе нерешени предмети постари од 6 месеци од денот на приемот во овој суд, освен оние кои од објективни причини не можеле да се решат во тој рок.**

Претседателот на Апелациониот суд и Претседателите на одделите, извештаите за старите нерешени предмети од секој суд ќе ги разгледуваат поединечно и ќе донесат заклучок дали тие треба да се разгледуваат и на оддели, а соодветно со состојбата на работите по тие предмети ќе се вршат и вонредни посети по основните судови, по оценка на Апелациониот суд Битола или по барање на Претседателите на Основните судови и судиите на тие судови, како и за разјаснување на конкретни правни прашања и давање на стручна помош, иницирани од основните судови.

## ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ И ИНФОРМАЦИИ

За 2016 година ќе се изготват збирни прегледи и информации како следува:

1. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписниците **„КЖ“; „КЖМ“; „КСЖ“; „ПРКЖ“** и **„КР“** ќе изготви судијата **Ружица Иваноска** со помладиот судскиот соработник **Борче Коруновски;**
2. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписник **„ГЖ“** ќе изготви судијата **Жаклина Доведен** со судскиот соработник **Јасмина Трајковска;**
3. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписник **„РОЖ“** ќе изготви судијата **Петкана Јадровска** заедно со советникот **Марија Димановска;**
4. Збирен преглед за укинати и преиначени одлуки од уписникот **„ТСЖ“ -** ќе изготви судијата **Бошко Богдановски** со судскиот соработник **Биљана Мамузиќ ;**

5. Информација за работата по претставките и поплаките во 2016 година;
6. Информација за постапувањето по УПП предметите во Апелациониот суд Битола за 2016 и
7. Информација за состојбата со решавањето на старите предмети во основните судови за 2016 година..

Информациите ќе ги изработи Претседателот и судскиот администратор. Збирните прегледи и информациите ќе се изработат до **крајот на месец јануари 2017 година.**

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА

Во текот на 2016 година се предвидуваат следните средби и советувања:

- Средба на Претседателот на Апелациониот суд Битола со претседателите на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола, за прашања од Судската управа и другите тековни прашања и
- Средби на Претседателот на Апелациониот суд Битола со претседателите на Апелационите судови во Скопје, Штип и Гостивар за прашања од тековната работа и правни прашања во врска со решавањето на предметите.
- средби на Апелационите судови и Врховниот суд по оддели
- Средба на Претседателот на судот и на Претседателите на одделите со други државни органи и институции за решавање на проблемите кои ќе се појавата во работата на судот и Основните судови од ова апелационо подрачје.

Судиите во 2016 година ќе учествуваат во работата на Академијата за судии и обвинители и тоа :

- како едукатори и ментори на материја за која се специјализирале, за да можат своето знаење и искуство да го пренесат на помладите колеги,
- како учесници заради законската обврска за стручно усовршување на судиите, по Програмата на Академијата за судии и јавни обвинители,
- стручниот кадар и административно техничкиот кадар во Апелациониот суд Битола, исто така ќе се учествува на советувањата што ќе ги организираат Академијата за обука на судови и јавни обвинители.

Одлука за учество на советувања, тркалезни маси и друго, што е надвор од Програмата на Академијата ќе донесува Претседателот на Судот и претседателите на соодветните оддели, во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, заради давање на можност на сите на подеднакво стручно усовршување.

Претседателите на трите оддели во Апелациониот суд во Битола, до крајот на месец **февруари 2017** година ќе ги изготват програмите за работа на одделите.

Во Програмата на одделите на Апелациониот суд Битола да се определи календар за работни посети на основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Битола во пролетниот и есенскиот дел на посетите,

## ПОСЕТА И КОНТРОЛА НА ПОДРАЧНИТЕ СУДОВИ

Посетата и контролата ќе се остваруваат заради следење на работата на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола, давање стручна помош и согледување на состојбата со старите несвршени предмети.

Претседателот на Апелациониот суд Битола заедно со претседателите на Основните судови ќе ја разгледа состојбата со Судската управа, согласно чл.4 од Судскиот деловник.

Судиите при контролата ќе ја согледаат состојбата за старите нерешени предмети и причините за тоа,а во извештајот заради уедначување на извештаите, ќе ги наведат сите битни моменти од приемот на предметот до прегледот.

**Судиите ќе треба да дадат свое мислење за тоа :**

- **дали има објективни или субјективни причини за одолговлекувањето на постапката и**
- **до колку имаат одредени согледувања во врска со решавањето на предметот тоа да го наведат, се со цел за побрзо решавање на старите нерешени предмети.**

При посетите покрај контролата на старите нерешени предмети судиите ќе даваат правна помош за одредени правни прашања во врска со решавањето на предметите за кои претходно побарале помош граѓанските оддели на соодветните судови, ќе изнесат согледувања и забелешки констатирани при решавање на второстепените предмети, за да се надминат слабостите во решавањето на првостепените предмети и ќе укажат на други работи од важност за работата на судот.

Извештаите за превземените дејствија и извршените посети ќе се изготват во рок од 8 дена од извршената посета, и ќе се достават до Основните судови, Судски совет, Врховниот суд на РМ и Министерството за правда, на кои ќе им се доставаат и извештаите за досега извршените посети по основните судови.

Заради континуирано следење на работата на секој основен суд, како и заради давање на стручна помош, било по барање на основниот суд или по иницијатива на Апелациониот суд Битола, се формираат следниве работни групи:

**За ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, се определуваат судиите:**

- ВЛАДИМИР РАДЕВСКИ - за кривични и прекршочни предмети;

- ЉУБОМИР БОШЕВСКИ и ВИОЛЕТА КОСТОВА , - за граѓански и трговски спорови:
- ПЕТКАНА ЈАДРОВСКА - за работни спорови

**За <u>ОСНОВНИОТ СУД ПРИЛЕП</u>, се определуваат судиите:**

- ЛИДИЈА МИЈАКОВСКА и - за кривични и прекршочни предмети ;
- ТАТЈАНА СУСУЛЕСКА за граѓански спорови и трговски спорови;
- СЛАВИЦА МИРКОВСКА – за работни спорови.

**За <u>ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД</u>, се определуваат судиите:**

- ЛИДИЈА МИЈАКОВСКА за кривични и прекршочни предмети;
- ЛИЛЕ НАУМОВСКА и БОШКО БОГДАНОВСКИ - за граѓански и трговските спорови;
- ПЕТКАНА ЈАДРОВСКА - за работни спорови

**За <u>ОСНОВНИОТ СУД СТРУГА</u>, се определуваат судиите:**

- ВЛАДИМИР РАДЕВСКИ–за кривични и прекршочни предмети;
- ВИОЛЕТА КОСТОВА И ВАСИЛ БАТКОСКИ - за граѓански и трговските спорови и
- СЛАВИЦА МИРКОВСКА – за работни спорови.

**За <u>ОСНОВНИОТ СУД КРУШЕВО</u>, се определуваат судиите:**

- ЉИЉАНА ЧОЧКОВСКА- за кривични и прекршочни предмети
- АЦЕ БАКИЕВСКИ - за граѓански и за работните спорови

**За <u>ОСНОВНИОТ СУД РЕСЕН</u>, се определуваат судиите:**

- ЛИДИЈА МИЈАКОВСКА - за кривични и прекршочни предмети,
- ЉУБЕ СТОЈАНОВСКИ - за граѓански и за работните спорови

За следење на состојбите во Основните судови судиите кои се определени за давање на правна помош доколку имаат потреба ќе бараат од Претседателите на основните судови одредени податоци.

За определувањето на судиите за давање на правна помош и следење на состојбата во конкретни основни судови од Апелационото подрачје Битола ќе бидат известени сите Претседатели на Основните судови, Судскиот совет на РМ и Врховниот суд на РМ.

Административно - техничкиот персонал работата ќе ја остварува ажурно и ефикасно во рамките на работните задачи предвидени со актите на Судот и она што ќе му биде доверено во работа од страна на Претседателот на Судот и судскиот администратор.

Секој работник од <u>административно - техничкиот персонал</u> е должен да води дневник за работа во кој ќе ги евидентира секојдневните извршени работи, кои ќе послужат при оценката на нивната работа.

Судскиот администратор ќе ја контролира работата на сите останати вработени и водењето на дневникот од страна на секој од нив.

Судската полиција е должна да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите, онака како што е предвидено во Планот за обезбедување од страна на Претседателот на Апелациониот суд Битола, да се обучува теоретски и практично онака како е предвидено во Програмата за обука на судската полиција во 2016 година и актите кои ги донесе Министерот за правда во 2012 година.

**Секој судски полицаец кој е на смена ќе ја води евиденцијата за вработените за доаѓање, излегување во текот на работно време и заминување од работа, како и евиденција и легитимирање на странките кои влегуваат и излегуваат од судот.**

За реализација на оваа Програма се одговорни Претседателот, судиите на Апелациониот суд Битола, судскиот администратор, стручните соработници и приправници и сите вработени во судот.

ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
Љиљана Чочковска